**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 февруари 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците кои се уште не влегле во салата, да влезат во салата и да започнеме со работа.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Дами и господа пратеници, ја отворам сто и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Ристо Пенов, Андер Жерновски, Гоце Марковски, Анита Кипаризовска-Крстевска, Владанка Авировиќ., Горан Мисовски, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Агим Рамадани, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Љубисав Иванов Ѕинго, Садула Дураку, Љубчо Георгиевски, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Неждет Мустафа, Славица Грковска, Благородна Цветковска ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на предлогот на одлуката за испраќање на единица на АРМ за учество во мировната операција во Авганистан.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 69 пратеници, за гласале 68, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1.Предлог на одлука за испраќање на единица на АРМ за учество во мировната операција во Авганистан.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник, за гласале 70, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точка 1 - Предлог на одлука за испраќање на единица на АРМ за учество во мировната операција во Авганистан**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

За збор се јави заменик министерот за одбрана, повелете.

**Илијаз Халими:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, потребно е Парламентот да донесе одлука за учество на двајца наши воени старешини во оперативно-менторскиот тим за врски што го организира Североатланскиот совет. Значи, се работи за обука и опремување на Авганистанската национална армија. Така што овие двајца офицери кои учествуваат во мешовитиот состав кој е составен и од припадници на вооружените сили на Германија, Шветска и Норвешка.

Упатувањето на овие двајца високи официри ќе биде на крајот на месец март и таму ќе останат 6 месеци, значи до септември 2008 година. Така што сметам дека Парламентот треба да ја усвои оваа одлука.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги пратеници.

Како точка од дневниот ред, како што е Предлог одлуката за испраќање на единица на АРМ, всушност на старешини во мировна операција во Авганистан, сакам да се изјаснам, како што сме се декларирале и порано, дека парламентарната група на ДУИ е за подршка на една ваква мировна воена мисија испратена од АРМ, во конкретниот случај во Авганистан.

Ние сме за политика на демократски држави и на Североатланската алијанса за воведување на мир, демократија и слобода во оние земји каде навистина има потреба од истите, конкретно во Авганистан.

Парламентарната група на ДУИ секогаш ќе биде во подршка на секоја иницијатива за воведување на мир, демократија во светот и со активно учество на АРМ, во конкретниот случај, затоа што се работи за двајца старешини кои имаат исклучително света мисија, затоа што се работи за исклучително добра задача, задача која има обврска за подготовка на воените единици во Авганистан. Затоа им посакувам добар пат и добар престој таму, со позитивни резултати.

Уште еднаш нагласувам дека пармалентарната група на ДУИ ќе ја подржи оваа Предлог одлука и ќе гласа за истата, која одлука е предложена од Владата на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Незири.

Има збор господин Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер.

Денес повторно на дневен ред имаме Предлог одлука за испраќање на единица на АРМ за учество во мировната операција во Авганистан, одлука за која секогаш дискутираме во Собранието на начин на кој го востановивте многу набрзина, на итни седници без подетални анализи и подготовки во однос на подготвување на оваа мисија.

Мислев дека, поради се она што и се случи на Република Македонија и воопшто на АРМ, барем нешто ќе се смени во начинот на кој вие како Министерство дејствувате и ќе не отргнете нас пратениците кои бевме убедени дека имате мислење да ја злоупотребите позицијата на парламентарните партии во делот на подршката на вакви одлуки за испраќање на војници на АРМ за мировни мисии.

Често пати укажувавме дека тоа е една од најсветлите страни во делот на Предлогот кон НАТО. Оваа одлука и сите други кои ги носевме за испраќање на мировни мисии, посебно сега кога се наоѓаме пред моментот за донесување на одлуката за добивање на покана на Република Македонија за членство во НАТО, ние од СДСМ на Република Македонија ќе ја подржиме оваа одлука. Меѓутоа мораме да укажеме на одредени слабости, недоследности кои што вие како Министерство за одбрана ги применувате. Повторно имаме одлука која што Владата на Република Македонија ја донела на 12 февруари 2008 година до Собранието е доставена речиси после една недела на 18 февруари 2008 година. За да денеска на итна седница веднаш се стави на дневен ред и без претходно да заседава Комисијата за одбрана и безбедност. На една седница на Комисијата за одбрана и безбедност го повикав претседателот на оваа Комисија да одговори зошто до сега ниту една седница на Комисијата не е одржана кога се испраќа одредена единица во мировна мисија, ни беше одговорено дека вие на таа седница на Комисијата за одбрана и безбедност, веројатно не сте биле присутни. Извадив статистика од сите записници на одржани седници на Комисијата за одбрана и безбедност и сите дневни редови, ниту една точка на ниту една седница на дневен ред немало да се разгледува одлука за испраќање на мировни мисии, освен онаа последната за која беше побарано од членовите на Комисијата.

Мислам дека повторно сега да се донесува одлука на Влада, недела дена после донесувањето од страна на Владата, а денес по итна постапка да се свикува седница и повторно да се разговара односно повторно се правиме наивни сите ние, дајте сега е итна ситуацијата, мораме да свикаме итна седница. Тука мислам дека претседателот на Собранието пак крши некои свои принципи.

Кога се побара итна седница за стечајците, на координацијата мене ми се образложи дека барањето е едно, меѓутоа одлуката е моја кога ќе донесам јас да се свика итна седница и дали за тоа има потреба. Тогаш го прашав, дали господине претседателе, кога ќе ви нареди Груевски со било каков документ или еден повик на телефон е многу побитен од тоа што ќе го кажат граѓаните на Република Македонија. Ова го кажувам за јавноста, не за претседателот, тој и сега разговара на телефон, така што нема потреба да го деражирам, нека си го продолжи разговорот, меѓутоа, македонската јавност да сфати со каква сериозност пристапуваме кон донесување на такви одлуки.

Минатата седница кога се разговараше за една ваква одлука кога и вие господине заменик министер бевте овде присутен, укажав и побарав дека еднаш мора пред Собранието да поднесете извештај за мировните мисии што се од Република Македонија. Досега тоа го немате направено. Ветување од вас, ветување од министерот за одбрана, кажување изгледа само во моментот кога се носат вакви одлуки и после тоа заборавате дека имате обврска пред Собранието на Република Македонија. И повторно во одлуката денеска гледам дека има една точка 5 која вика дека по завршување на учеството во мировна операција, Владата на Република Македонија поднесува извештај пред Собранието на Република Македонија. Не ви треба декларативна точка само во одлуката да кажувате дека поднесувате извештај, а никогаш тоа да не го правите. И овој начин уште еднаш покажува дека вие несериозно се однесувате, пред се пред НАТО интеграциите на Република Македонија, несериозно се однесувате спрема Собранието на Република Македонија и на крајот на краиштата и за граѓаните на Република Македонија. Мислите дека некого ќе го манипулирате постојано со тоа што ќе му кажувате дека ќе подготвиме извештај и тоа нема да го направите никогаш. А затоа побрзавте да носите некаков закон за одбрана во кој што ќе сакате да ги одземете ингеренциите на Собранието на Република Македонија и тоа многу вешто и брзо да си го правите во Владата на Република Македонија.

Спрема тоа, СДСМ е свесна за моментот и е свесна за значењето на мировните мисии кои Република Македонија ги дава и колку тие мировни мисии допринесоа за напредокот на Република Македонија во НАТО интеграција. Меѓутоа, немојте, уште еднаш ви укажувам, да ја злоупотребувате подршката и на граѓаните на Република Македонија за пристап во НАТО на Република Македонија, ниту на Собранието на Република Македонија. Заради тоа што апсолутно не сакам да мислите дека можете некој да манипулирате, а ако визави имате некаков интерес кој што мораме да го штитиме и тоа сакаме да го направиме ние од СДСМ.

Спрема тоа, не можеме ние да дебатираме кога не дај боже, ќе се случи нешто како што се случи со хелихоптерската несреќа, тогаш да кажуваме дека, е сега сме спремни да ги исполнуваме обврските пред Собранието на Република Македонија, ќе помине месец дена и повторно истата и старата песна од страна на

Министерството  за одбрана. Мислам дека е крајно време да се свестите и вие и министерот и конечно да си подготвите извештаи врз основа на кој што ќе ни покажете како и начин биле мисиите надвор од Република Македонија, дали тоа биле успешни, како се спроведувале итн, итн.

Конечно покажете одговорен однос и према Парламентот, меѓутоа и спрема македонската јавност.

Значи, СДСМ ќе ја подржи оваа одлука. Апелирам понатаму Владата да се отаже од намерата преку ноќ да бара од претседателот на Собранието, а тој бездушно да ги прифаѓа сите предлози од Груевски и да ги става по итни постапки седници на Собранието на кои ќе се донесува одлука за испраќање на мировни мисии без претходни анализи па да ни се случиува повторно на сама седнбица ги дополнуваат одлуките дека треба да оди уште еден официр или еден војник  и т.н. и т.н. Посериозен пристап, само така можат да не земат како сериозни партнерии само така ќе добиваме и подобриоценки од страна на НАТО алијансата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господинот заменик министер за одбрана, повелете.

**Илјаз Халими:** Благодарам уште еднаш претседателе.

Значи, не се работу тука  за некоја волја, со цел да се манипулира со, најмалку со пратениците. Точно е тоа  дека се случувало и порано, кога беше на власт СДСМ, значи другата Влада некои предлог одлуки се барало под итно да се достават до Парламентот и да се усвојуваат. Јас сум уверен дека и тогаш и сега, значи и оваа Влада постапува така што е заинтересирана овие одлуки да поминат по редовен пат, да се расправа по нив и во  Комисијата за одбран аи безбедност, а пота да се расправа односно да се усвојува и во Парламентот. Меѓутоа некои работи не зависат само од нас. Значи, се наоѓаме во такви ситуации кога нашите стратешки партнери бараат, како што е случајот сега, ние да упатуваме односно да се согласуваме за да испраќаме припадници на нашата Армија, во овој случј високи офицери кои ќе учествуват во мешовит состав и со припадници на другите армии за обука на припадниците на националната армија на Авганистан.

Затоа се случува тоа и некогаш треба под итно да ги усвојуваме ваквите Предлог одлуки.

што се однесува до тоа што ние ветивме дека ќе ви доставиме извештај за учеството на нашите припадници на Армијата, нашите контингенти во мировни операции тоа е точно, сме ветиле, извештајот е готов, доставен е до Владата, усвоен од страна на Владата и верувам на следната седница на Парламентот ќе го имате предвид, ќе се информриате за сета нивна работа, нивното ангажирање до сега, нивниот состав од почетокот кога ние почнавме да ги испраќаме нашите контигенти во мировни операции па до сега. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Оливер Спасовски.

Повелете вашите три минути господине Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Господине министер, сакам да ви реплицирам во два дела на вашиот говор.

Прво, во однос на аргументите дкеа оваа одлука е донесена заради тоа што некој од нас тоа го побарал по итна постапка. Јас разбирам дека мора да има исклучок  во секоја работа и тоа е во ред, тоа можеме да го подржиме, меѓутоа вие исклучокот го направивте правило и постојано до сега имате итни седници, постојано до сега не расправа Комисијата за одбрана и безбедност и постојано носите вакви одлуки. Постојано.

Ако е толку итноста, замислете на 12 Владата расправа во 16 часот, а во Собранието документот е примен на 18.02.2008 година, денеска во 12,36 ме известувате мене и моите колеги од Парламентот дека има закажано итна седница во 15,00 часот, тоа да го направимепоторно без комисии, повторно без процедура и заради тоа ние реагираме.

Втора работа, аргументот дека вие сте ни ветиле да ни доставите извештај, вие нема што да ни ветувате. Јас викажав минатиот пат, еве и сега ви кажувам, ако имате намера да доставувате извештаи како обврска Собранието гласа и имате точка во одлуката која што вели дека Владата мора да достави извештај по завршување на мисијата. Ако немате таква намера избришете ја таа точка од одлуката и нема да бидете обврзани.

Според тоа вие имате обврска поред она што изгласал Парламентот на Република Македонија, не што вие сте ветиле или не сте ветиле. Вие иамте обврска, вашата обврска треба да си ја почитувате. И еднаш за секогаш научете се дека треба да имате одговорност и пред Парламентот и пред граѓните. Немате аргументи за оваа оваа денешна седница, немате аргументи за вакво донесување на уште една ваква одлука. Мислам дека крајно време е да се свестите и да носите одлуки по редовен пат, заради тоа што било каква непожелна ситуација да ни се случи, како што ни се случи тогаш сите оправдувања ќе ви паднат во вода заради тоа што не ја запазувате постапката на начин на кој што треба да се донесат вакви одлуки. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Есад Рахиќ.

Повелете господине Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Благодарам претседателе, почитувани колеги, почитуван заменик минситер,

Неколку збора за она што веќе годинаипол дена го повторувам и почнав себе си да се гледам како папагал. Меѓутоа, очигледно дека повторувањето не е мајка на знаењето, најдобро се гледа кај вас во Министерството. Мене ми е жал што

министерот Еленовски не е тука, прочитав дека е на пат, но не е во Америка и најдобро таму да остане, меѓутоа ќе биде малер за Америка. Верувам дека вие ќе одговорите на прашањето кое што колегата Оливер ви го псотави, а и јас сакам исто да ви поставам прашање. Кога имате намера како Министерство согласно законските обврски што ги имате како Министерство за одбрана да поднесете извештај за мисиите на нашата војска во странство. Тоа е прва работа.

Второ, сакам да го потсетам мојот коелга Спасовски како подршка на тоа што го зборуваШе, кога се зборува за принципиелноста овој менаџмент, на овој Парламент тукападна под секое ниво, затоа што се сеќавате дека сите предлози и сите законски предлози и иницијативи, интерпелации беше договорено принципиелно да одат како прва точка. Само да ве потсетам дек ана една од минатите седници точката за интерпелација на Гувернерот на Народна банка од 4-та ја симнавме на 13-та. Затоа за принципиелноста понатаму.

За тоа што го говоревте дека како пратеник во минатиот состав на Парламентот вие бевте пратеник и добро знаете дкеа тогаш колку толку и покрајитните седници Комисијата за безбедност и одбран акоја што ја водеше господинот Петковски, а подоцна и јас имавме неколку пати состанови на кои штопрво поминуваше на седница на Комисијата за безбедност и одбрана на Собранието на Република Македонија, а потоа одеше на пленарна седница. Се сеќавате дека никој ни тогаш, а верувам и сега немаше против и сите ние ќе дадеме подршка, меѓутоа би ве замолил почитуван заменик министер кој што одс ега па натаму ќе ви се обраќам со минситер затоа што министерот е на една од многубројните туристички патувања низ сите дестинации низ светот, почитуван министер би ве замолил час поскоро согласно законските овластувања што ги имате да изготвите извештај за да можеме ние и македонската јавност да видиме што сме сработиле како Армија и како Министерство за одбрана. Час поскоро затоа што сметам дека на 2 или на 3-ти евентуално 4-ти април Македонија сигурно ќе ја добие поканата за членство на НАТО, за НАТО значи обврска. Дел од тие обврски е да има извештај што сме сработиле.

Јас и овој пат ќе гласам за затоа што сметам дека кога ќе се фатите во орото треба да го играте до крај, меѓутоа би сакал музиката што ја свирите во орото да биде заедничка, а не по ваша мерка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Насер Ајдини, повелете.

**Насер Ајдини:** Благодарам господине претседателе, почитувани пратеници.

Ние како ДПА мислиме дека ова е причина за да докажеме дека Република Македонија секојдневно се повеќе и пвеќе ја кажува својата ориентација кон пристапување и зачленвуање во НАТО. Затоа ДПА секогаш беше за овие иницијативи и одлуки за испраќање единици во вакви мировни мисии кои имаат за цел да ја сочуваат стабилноста и мирот во тие кризни подрачја.

И овој пат ние како ДПА, иако ја поздравуваме и подржуваме испраќањето на оваа мировна мисија во Авганистан. Благодарма.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 80 пратеници и сите гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан.

Бидејки дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 105-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пет минути прекин за пререгистрација, ве молам.

(Седницата заврши во 15,47 минути)